*Број: 02 - __________*
*_________ 2017 година*
*С к о п ј е*

*ЗАПИСНИК*
*од CCXXI -та седница на Управниот одбор на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*

*одржана од 29 март до 26 април 2017 година согласно член 21 на Деловникот за работата на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија без одржување на состанок*

*На 29 март 2017 година, врз основа на членот 21 на Деловникот за работата на Управниот одбор, на гласање без одржување на состанок беше ставен следниот предлог:*

- *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски.*

*Ангел Митевски, Љубиша Каранфиловски, Илија Глигоров, Бистра Ангеловска, Ненад Гавриловиќ гласаа „за“, додека Елена Трпковска која побара дополнително појаснување во врска со предлогот и Ина Манчевска до 26 април 2017 година, кога се одржа CCXXII-та седница на Управниот одбор, не гласаа по предлогот. На тој начин, бидејќи Управниот одбор може да донесе одлука без одржување на состанок само ако сите членови дадат согласност за одлуките што се донесуваат без одржување на состанок, предлогот не беше прифатен.*

*Составен дел на овој записник се копиите од изјаснувањето на членовите на Управниот одбор:*

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија - член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член;*
- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот.*

*Записничар,*
*Христо Трповски*

*Управен одбор*
*Претседател,*
*Ангел Митевски*

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*